*Николина КЕНИГ*

***УДК: 316.613.4-055.2:303.022(497.7)***
Изворен научен труд

# ПСИХОМЕТРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СКАЛАТА ЗА МЕРЕЊЕ НА ИНТЕРНАЛИЗИРАНА МИЗОГИНИЈА ПРЕВЕДЕНА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

***Кратка содржина:***

*Ова истражување ги проверувапсихометриските карактеристики на Скалата за интернализирана мизогинија (IMS) која е развиена од страна на Пигот во 2004 година, откако таа е преведена на македонски јазик. Примерокот се состои од 441 жена на возраст од 18 до 56 години (M = 31,2; SD = 11,7). Податоците беа прибирани онлајн, со доброволно и анонимно учество на испитаничките.*

*Конфирматорната факторска анализа идентификува умерено соодветен модел. Со мали отстапувања, задржана е оригиналната трокомпонентна структура која ги содржи факторите: недоверба кон жените, потценување на жените и вреднување на мажите повеќе од жените.*

*Скалата покажа висока внатрешна конзистентност (α = ,89), а корелациите помеѓу ајтемите и вкупниот скор на скалата се движат од r= ,40 до r=,72. Конвергентната валидност беше потврдена преку корелации со релевантни конструкти: модерен сексизам (r(399) = ,22, p<.01), себепотиснување (r (399) = .23, p<.01) и самоидентификација како феминистка (r(399) = –,18,p<.01), додека дискриминантната валидност се потврди преку отсуство на корелација со општата самодоверба, наспроти негативната поврзаност со родовата самодоверба (r(399) = –,15,p<.01).*

*Наодите ја поддржуваат примената на Скалата на интернализирана мизогинија преведена на македонски за истражувачки и практични цели, со препорака за натамошнаревизија на критичните ајтеми, за да се обезбеди крос-културна валидност и осетливост на можните промени на индикаторите на интернализираната мизогинија.*

***Клучни зборови:*** *скала на интернализирана мизогинија, психометриски карактеристики*

**Вовед**

Мизогинијата претставува системски вкоренет облик на омаловажување, недоверба или омраза кон жените, кој се манифестира низ различни општествени, институционални и индивидуални практики. Типични облици на изразување и практикување на мизогинијата се социјално маргинализирање на жените, потценување на женските искуства и придонеси и нормализирање на дискриминацијата и насилството врз жените.

Вградена низ општествените структури, таа претставува моќен инструмент за одржување и зајакнување на патријархалните односи на моќ и функционира како систем на контрола, за да се одржат традиционалните родови хиерархии (Gargam & Lançon, 2020; Manne, 2017).Мизогинијата е самоодржлив механизам на родова репресија, а нејзината самоодржливост доаѓа оттаму што низ процесот на социјализација, низ сексистичките интерпретации кои се дел на најраните искуства во текот на социјализицијата и се континуирано присутни во животот на жените, таа се интроектира и како дел на идентитетот на жените, (Bartky, 1990;Rahmani, 2020; Szymanski & Kashubeck-West, 2008; *Szymanski et al., 2009*).Една скорешна квалитативна студија открива дека уште во адолесценцијата, девојките имаат мошне слични верувања и ставови околу тоа значи да се биде жена и дека во генералната идеја за женственоста, нужно се вградени сексистички елементи (Schwabe, 2024). Ова упатува на постоење на процес на репродукција на доминантна културна дефиниција на женственоста, која е испреплетена со ограничувачки и негативни предрасуди и стереотипи за жените.

Додека момчињата/мажитеглавно интернализираат пораки кои врз основа на полот ги квалификуваат како супериорни, девојките и жените, свесно или несвесно, прифаќаат и репродуцираат негативни репрезентации за жените кои доминираат во патријархалните општества. Процесот на вградување на тие идеи за инфериорноста на жените, кои ги обликуваат ставот кон себе си и другите и однесувањето, всушност претставува процес на интернализација на мизогинијата. Со други зборови, мизогинијата е интернализирана тогаш кога сексистичките идеи и практики стануваат дел од идентитетот на жените и тие, ги доживуваат и се однесуваат кон другите жени онака како што наложува сексистичкиот модел.

Терминот *интернализиран сексизам*се среќава еднакво честоколку и *интернализирана мизогинија*и се користи во академскиот дискурс со речиси идентично значење. Разликата меѓу двата термини е суптилна(Han et al., 2023). Додека интернализираниот сексизам се однесува на несвесната интернализација на широк опсег на однесувања и ставови кои ги поддржуваат традиционалните родови улоги и стереотипите за помалата вредност на жените (Bearman & Amrhein, 2013), интернализираната мизогинија е специфична форма на интернализиран сексизам, која се карактеризира со висок степен нахостилност во ставовите и на чувствата на жените кон сопствениот пол.

**Начини на изразување на интернализираната мизогинија**

Интернализираната мизогинија може да се манифестира низ различни акти на непријателство кон други жени. Парадигматични примериза интернализирана мизогинија се тенденцијата на жените да ги потценуваат другите жени и генерално, да им веруваат на мажите повеќе отколку на жените. (Han et al., 2023). Како што сугерираат емпириските податоци, ваквата хоризонталната хостилност се манифестира рутински во секојдневните интеракциина девојките и жените (Brogaard, 2020; Ford et al, 2013), во политикита (eg. Dehlin, 2019), на работното место (пр. Dunn, 2003; Noor et al., 2023), а толку е длабоко вкоренета што не отсуствува и во најблиските односи меѓу жените (Chesler, 2001). Кога се упатува кон други жени, интернализираната мизогинија се изразува низ цел спектар на форми на злонамерно озборување, социјално исклучување, споредби со други жени, понижување на сметка на физичкиот изглед, манипулација со цел да се спречи напредувањето на други жени и слично (Bearman et al., 2009; Goodwin, 2002; Underwood, 2003). Мизогиниот анимозитет е особено изразен кон девојките и жените кои одбиваат да се прилагодат на традиционалните родови норми (Evteeva et al., 2024).

Овие однесувања се во спротивност со типичните модели на интеракција дефинирани преку припадноста на идентитетските групи (ingroups наспроти outgroups). Се објаснуваат со теорија која тврди дека за разлика од доминантните групи кои го одржуваат својот самопочит преку потценување на надворешните групи, маргинализираните групи често ја зачувуваат својата самопочит со дистанцирање од сопствената група. Во тој контекст, кога девојките и жените насочуваат непријателство кон други жени, тоа обично се однесува на специфична подгрупа жени кон која тие не се сметаат дека припаѓаат, или, која е општествено дефинирана како „полоша" од подгрупата со која се идентификуваат (David & Derthick, 2014; Hogg, 2003; Turner et al., 1994).

Освен кон другите жени, интернализираната мизогинија го посредува  и односот кон себе си. Меѓу најчесто забележаните форми на интернализирана мизогинија насочена кон себеси се себеобјектификацијата и себесексуализацијата, преку кои жените го гледаат и третираат своето тело главно како објект на машка проценка и желба (Bearman & Amrhein, 2013). Не помалку проблематична форма на усвоена мизогинија е проритизацијата на туѓите потреби пред сопствените, појава која е многу типичен начин низ кој жените, парадокслано, губејќи го селфот, се обидуваат да добијат валоризација на истиот. Ова однесување е длабоко вкоренето во доминантните културните наративи кои женственоста ја поврзуваат со грижата, пожртвуваноста и емоционалната достапност. Како што наведува Бартки(Bartky, 1990), жените се под постојан притисок да живеат „однадвор кон внатре", при што нивната вредност се дефинира преку очите на другите, особено мажите. Овој механизам доведува до самонаметната

маргинализација, каде жената станува „другата", односно, таа која постои за да им служи на потребите на другите.

Квалитативната студија која ги истражувала личните искуства на жените за тоа како ја доживуваат секојдневната интернализирана мизогинија(Rahmani, 2020), издвојува три главни теми кои ги опишуваат мизогините искуства. Првата е *самообвинување и омраза кон себе*, главно насочена, но не ограничена единствено на надворешниотизглед. Втората тема е *непријателството кон другите жени*, особено оние кои се осудуваат да излезат надвор од пропишаните родови норми, а паралелно со ова, третата тема е застапување ставови кои се во функција *нормализација на насилствотокон жените*, најчесто преку префрлање на одговорноста за актите наналсилство кон жртвите.

**Последици на интернализираната мизогинија**

Во литературата се наведени бројни негативни последици од интернализираната мизогинија, вклучувајќи: намалување на самодовербата изголемување на стресот и депресивноста (Szymanski and Kashubeck-West, 2008; Szymanski et al., 2009), себеобјектификација и нарушувања во исхраната (2020;Moradiet al., 2005Swimet al., 2001; Johnson, 2014), како и болни предменструални синдроми (Erenoğlu et al., 2023). Жените со повисок степен на интернализирана мизогинија покажуваат преференција на професии во согласност со традиционалните родови норми (Jha & Srivastava, 2024; Montañéset al., 2012), чувство на вина заради работење надвор од домот (Bozkur & Cig, 2022) и сомнеж во сопствените способности, проследен со несвесно одбивање на можностите за напредување кои инаку би биле достапни (Constantinescu, 2021). Ориентацијата кон традиционалните родови улоги е важен предиктор на себепотиснувањето, кое, како што беше наведено е последица на интернализирана мизогинија. Куртиш (Kurtiş, 2010) открива дека жените со изразено себепотиснување се помалку задоволни и подепресивни од оние кај кои не е изразено. Интернализираната мизогинија ја модерира врската помеѓу искуствата со сексистички настани и последователниот психолошки стрес, така што повисоките нивоа на интернализиран сексизам го зголемуваат интензитетот на врската помеѓу дискриминаторните искуства и психолошкиот стрес (Szymanski et al., 2009). Најнакрај, веројатно најсериозна последица е тенденцијата на жените кои доживуваат висока интернализирана мизогинија, да бидат помалку склони да пријават родови облици на насилство, бидејќи ги перципираат како своја одговорност, или, како нормална реакција на нивната „инфериорност" (Gutierrez et al., 2024; Overstreet& Quinn, 2013).

## Опис на скалата за интернализирана мизогинија (Internalized Misogyny Scale - IMS)

Скалата за интернализирана мизогинија е развиена од Маргарет Пигот (Piggott, 2004), иако не е формално публикувана, во моментов, претставува најчесто користен, а можеби и единствен инструмент наменет за мерење на степенот до кој жените ги интернализирале мизогините ставови и верувања кој е крос-културно валидиран. Скалата се состои од 17 ајтеми, а се одговара на Ликертова скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 7 (целосно се согласувам). Од почетниот сет кој се состоел од 76 ајтеми генерирани низ дискусии во фокус групи, или, извлечени од други релевантни прашалници, со експлораторна факторска анализа се екстрахирани три фактори: *Недоверба во жени*, со вкупно 4 тврдења коипретставуваат негативни генерализации и сомневање во интегритетот и намерите на другите жени, *Потценување на жените*, со 6 тврдења низ кои се изразуваат перцепции за жените како помалку способни или вредни од мажите и *Повисоко вреднување на мажите* отколку жените, со 7 тврдења низ кои се рефлектира преференција и повисоко ценење на мажите споредено со жените, само врз основа на тоа дека се мажи.

Во проверката на метриските карактеристики на инструментот биле вклучени 803 испитанички од 5 земји (САД, Англија, Австралија, Финска и Канада), на возраст од 18 до 30 години. Утврдени се позитивни корелации на конструктот со сексистички ставови, интернализирана хомофобија, депресивност и самообјектификација, а негативни со феминистички ставови, самодоверба и родова прилагоденост. Скалата се користи за истражувања поврзани со родови идентитети, сексизам, самоперцепција, ментално здравје кај жени, а може да се користи и за проценка на ефекти од интервенции, обуки или програми за родова еднаквост.

## Нацрт за проверка на метриските карактеристики на Скалата за интернализирана мизогинија

За утврдување на дискриминативноста на ајтемите, ќе биде користен внатрешен критериум, односно вкупниот скор на скалата и скоровите на односната супскала, а како показатели на соодветна дискриминативност ќе се сметаат статистички значајните корелации на ајтемите со овие скорови. Релијабилноста на инструментот ќе се определи со помош на Кронбах алфа коефициентот. Конструкт – валидноста ќе се проверува преку споредување на внатрешната структура на инструментот со моделот предложен од авторката, при што ќе биде користена конфирматорна факторска анализа. Дополнително, врз основа на наодите во оригиналната студија, како и последователните емпириски истражувања, ќе биде предложена проверка на неколку хипотези кои имаат за цел да го поддржат процесот на валидација.

Сите расположливи податоци ја потврдуваат врската меѓу различни форми на сексизам и интернализирана мизогинија (пр. Chen & Zheng, 2023; Piggot, 2004; Szymanski et al., 2009), па оттука, *Хипотеза 1:* Кога расте интернализираната мизогинија, расте прифаќањето на модерен сексизам.

Еден важен аспект на интернализираната мизогинија е дека таа се смета за важен фактор на спроведување на самодисциплина кај жените со цел да се постигне конформирање со родовите норми. Истражувањата покажуваат дека интернализираната мизогинија е поврзана со разлчни аспекти на губење на селфот за да се задоволат другите луѓе (Bearman & Amrhein, 2013; Bozkur, 2020). Следствено, *Хипотеза 2* гласи: Кога расте интернализираната мизогинија, расте себепотиснувањето.

Претпоставката дека самодовербата и интернализираната мизогинија се негативно корелирани, потврдена е во две постари студии (Cowan et al., 1998; Piggott, 2004), но не и во едно скорешно (Dehlin & Galliher, 2019). Затоа, беше претпоставено дека: *Хипотеза 3:* Интернализираната мизогинија не е поврзана со самодовербата, но кога расте интернализираната мизогинија, опаѓа родовата самодоверба.

*Хипотезата 4*: Кога расте себедефинирањето како жена, расте интернализираната мизогинија, произлегува од утврдените асоцијации на интернализираната мизогинија со обезвреднувањето на женскиот идентитет (Findlay & Piggott, 2005), додека од веќе потврдените врски меѓу интернализираната мизогинија и прифаќањето фаминистички ставови (Chen& Zheng, 2023; Szymanski et al., 2009) произлезе *Хипотеза 5*: Кога расте интернализираната мизогинија, опаѓа самодефинирањето како феминистка и подготвеноста за себеоткривање пред други како феминистка.

## Метод

### Примерок

Учеснички во ова истражување беа 441 жена на возраст од 18 до 56 години (*M* = 31,2; *SD* = 11,7). Огромно мнозинство од учесничките (92,1 %) се самодекларирале како етнички Македонки. Пропорцијата на испитанички со завршено средно и високо образование е речиси идентична, а останатите 10,2 % се изјасниле дека магистрирале или докторирале.Нивното учество во истражувањето беше доброволно, анонимно и не вклучуваше компензација на учесничките.

### Инструменти користени за тестирање на хипотезите за валидноста на ISM

**Скалата за мерење на модерен сексизам** (Modern Sexism Scale – MSS)содржи 8 ајтеми на кои респондентите одговараат на седумстепена скала, искажувајќи го интензитетот до кој негираат континуирана дискри-

минација на жените, односно, го потврдуваат својот антагонизам кон барањата на жените за рамноправност и кон политики креирани да им помогнат на жените. Авторите (Swim et al., 1995) соопштуваат соодветна внатрешна конзистентност (Cronbach $\alpha$=,72) и добра валидност поддржанасо емпириски докази, што е потврдено во последователните истражувања (Yoder & McDonald, 1997). За овој примерок, внатрешната конзистентност на инструментот е $\alpha$=,74.

**Скалата за мерење на себепотиснувањето** (Silencing the Self Scale–STSS) содржи 31 ајтем и дава мерка за степенот во кој жените/девојките ги потиснуваат (ги ставаат во втор план) оние чувства, мисли и реакции кои се перципираат како закана за воспоставување и одржување на безбедни и стабилни врски, особено романтични и брачни. Се состои од 4 супскали: *екстренализирана себеперцепција, грижа за другите како себежртвување, себепотиснување* и *поделен селф*. Оваа внатрешна 4-факторска структура на скалата е потврдена и во две други независни студии (Bozkur, 2023;Cramer & Thoms, 2003). На различни примероци, внатрешната конзистентност се движи од Cronbach $\alpha$=,86до $\alpha$=,94, а тест-ретест корелациите се движат од *r*=,88 до *r*=,93 (Jack & Dill, 1992). Во ова истражување, скалата покажа одлична внатрешна хомогеност од $\alpha$=,87.

Самодовербата е мерена со **Шест-ајтемска скала за самодоверба** (The Six-Item State Self-Esteem Scale – SSES-6)која претставува скратена форма на подолгата верзија на инструментот со 20 ајтеми, креирана е од Хетерон и Поливи (Heatherton & Polivy, 1991). Кусата форма содржи 6 ајтеми на кои се одговара на 5-степена скала. Авторите на кратката форма соопштуваат соодветна внатрешна хомогеност на скалата ($\alpha$=,76), која ја задржува три-факторската структура на оригиналната верзија (Webster, Howell, & Shepperd, 2022).На примерокот во ова истражување, релијабилноста е соодветна, а изнесува $\alpha$=,80.

Родовата самодоверба е конструкт кој се однесува на степенот на прифаќање на себеси како жена/маж и чувството на лична добросостојба во родовиот идентитет. Инструментот користен за мерење на оваа варијабла е познат како **Хофманова родова скалаза жени** (The Hoffman Gender Scale-Female– HGS-F). Инструментот го сочинуваат 14 ајтеми на кои се одговара на скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 6 (сосема се согласувам), поделени во две супскали – *родово самодефинирање* и *родово себеприфаќање*(Hoffman, et al., 2000). Внатрешната конзистентност на инструментот е одлична. Во ова истражување, утврдено е дека за целата скала изнесува $\alpha$=,90, за супскалата *родово самодефинирање* $\alpha$=,89, а за *родово себеприфаќање*$\alpha$=,88.

Дополнително, испитаничките го оценија степенот на согласување (од 1 = целосно не се согласувам до 10 = целосно се согласувам) со две тврдења: дека себе си се идентификуваат како феминистки и дека се изјаснуваат како феминистки и пред други луѓе.

**Преведување и задавање на инструментите**

Пред задавањето, сите инструменти беа преведени од англиски јазик од страна на професионален преведувач. Потоа, преводот на македонски беше повторно вратен на англиски јазик од друг, независен преведувач. Двете англиски верзии беа споредени, при што беше утврдено дека постои задоволителна сличност меѓу нив.

Сите инструменти, заедно со релевантните дополнителни прашања, беа задавани на онлајн платформа. Меѓу другите ајтеми, додаден е ајтем за проверка на вниманието, врз основа на кој од обработката на податоците се исклучени 22 учеснички. Податоците беа собрани во текот на април 2025 година.

Пред пополнувањето на прашалникот, потенцијалните учеснички беа контактирани преку личната електронска пошта, во која беа информирани за можноста да учествуваат во истражувањето[1]. Тоа беше дизајнирано и спроведено во согласност со етичките стандарди наведени во Хелсиншката декларација и соодветните регулативи за заштита на податоци. Учесничките беа информирани за целта на истражувањето, за нивното право во секое време да се повлечат од учество, како и за анонимноста и доверливоста на нивните одговори. Електронска информирана согласност беше добиена пред почетокот на учеството.

**Статистичка анализа**

Статистичките анализи беа изведени со користење на статистичкиот пакет SPSS 26, со исклучок наконфирматорната факторска анализа (CFA), која беше направена на JASP 16.Моделот се толкуваше врз основа на стандардните критериуми: за RMSEA, вредностите од ,01, укажуваат на одлично совпаѓање,до ,05 на добро и до ,08 на умерено вклопување, додека CFI/GFI вредности поголеми од,90 за одлично, а од,80 до,90, на умерено совпаѓање.

**Резултати**

Во табела 1 се прикажани дескриптивните статистици на Скалата за интернализирана мизогинија, вклучувајќи ги нејзините три супскали. Во оригиналната студија, каде се добиени резултати од испитанички од 5 земји, просеците за *потценување на жените* се движат од *M*=2,49 до *M* = 3,39, за *недоверба во жени* од *M*=2,41 до *M*=3,20, а *повисокото вреднување на мажите* во споредба со жените варирало од *M*=1,99 до *M* =2,49 (Piggott, 2004).Ако

[1]Во регрутирањето на учесниците придонесоа студентите од Институтот за психологија при Филозофскиот факултет.

се направи споредба, може да се утврди дека за сите супскали, на примерокот во ова истражување се добиени просеци во рамките на наведените рангови. Споредби со просеците добиени во истражувања од понов датум не може да се направат, бидејќи во овие објавени студии не се прикажани дескриптивните податоци.

Добиените коефициенти на внатрешна конзистентност, укажуваат на одлична хомогеност на скалата во целина, вклучувајќи и на супскалите посебно. Споредбата со досега добиените алфа коефициенти, упатува на многу слична дистрибуција на вредностите, вклучувајќи и тоа дека супскалата *повисоко вреднување на мажите* има конзистентно најниска релијабилност, наспроти тоа што е супскала со најголемиот број ајтеми. За оригиналната верзија,соопштени се вредности за супскалите кои варираат од $\alpha$=,70 до$\alpha$=,84, а за целата скала идентификувани се вредности од $\alpha$=,85 до $\alpha$=,92 (Piggott, 2004). Во поновите студии, Минс и Лем (Means and Lemm, 2020) соопштуваат висока внатрешна релијабилност на скалата од $\alpha$ = ,88, а Sözbir и соработниците (2020), нешто пониска, од $\alpha$ = ,82.

**Табела 1**. Дескриптивни статистици и релијабилност на IMS – супскали и цела скала

| **Скала за интернализирана мизогинија(IMS)** | **n** | **Min.** | **Max** | ***M*** | ***SD*** | **Kur*** | **Skw**** | **$\alpha$** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недоверба во жени (DIS) | 4 | 1,00 | 6,33 | 2,83 | 1,26 | -,66 | ,52 | ,82 |
| Потценување на жените (DEV) | 6 | 1,00 | 7,00 | 3,05 | 1,48 | -,64 | ,42 | ,81 |
| Повисоко вреднување на мажите (VAL) | 7 | 1,00 | 6,14 | 2,07 | 1,01 | 1,36 | 1,19 | ,78 |
| **Цела скала** | 17 | 1,00 | 5,65 | 2,57 | 1,01 | -,45 | ,55 | ,89 |

**Забелешка.** *M* е пресметана со кумулација на степените за ајтемите од секоја супскала, поделени со бројот на ајтеми во супскалата.
* *SE* = .116, ***SE* = .232

Наодите од анализата на ајтемите, која се состоеше во утврдување нивната просечна прифатеност (*M*), корелацијата со вкупниот скор на скалата (*r*) и со скорот на односната супскала (*r′*), уделот во внатрешната хомогеност на целата скала (*α без ајтемот*), претставени се на табела 2. Сите корелации помеѓу ајтемите и скорот за соодветните супскали се статистички значајни и се движат помеѓу *r*=,40 и *r*=,72. Опсегот на овие вредности е сличен со тие кои се соопштени во другите валидациски студии. Понатаму, од оваа табела се гледа и дека нема ајтеми чиеисфрлувањеби можело видливо да ја подигне вредноста на алфа коефициентот.

**Табела 2.** Дескриптивни статистици и корелации на ајтемите со вкупниот скор, со супскалата и релијабилност без ајтемот

| **Ајтеми на IMS** | M (SD) | *r* | $r_1$ | α без ајтемот |
|---|---|---|---|---|
| **Недоверба во жени (DIS)** | | | | |
| 1. Жените ги преувеличуваат проблемите што ги имаат на работа. | 2,99 (1,74) | ,61** | ,79** | ,878 |
| 2. Жените премногу лесно се навредуваат. | 3,32 (1,89) | ,64** | ,82** | ,876 |
| 3. Жените се обидуваат да добијат моќ преку тоа што ги контролираат мажите. | 2,90 (1,90) | ,69** | ,81** | ,874 |
| 4. Кога жените губат од мажите во фер конкуренција, обично се жалат на дискриминација. | 3,02 (1,82) | ,68** | ,81** | ,874 |
| **Потценување на жените (DEV)** | | | | |
| 5. Општо земено, посигурно е да не им се верува премногу на жените. | 2,25 (1,68) | ,67** | ,69** | ,875 |
| 6. Во суштина, многу жени се служат со измама. | 2,95 (1,82) | ,72** | ,82** | ,873 |
| 7. Мислам дека повеќето жени би лажеле само за да напредуваат. | 3,17 (1,94) | ,71** | ,82** | ,873 |
| 8. Сигурна сум дека добивам нефер третман од другите жени во мојот живот. | 2,76 (1,83) | ,59** | ,72** | ,879 |
| 9. Понекогаш другите жени ми пречат со самото свое присуство. | 2,37 (1,75) | ,62** | ,68** | ,877 |
| 10.Верувам дека повеќето жени не ја кажуваат вистината. | 3,49 (1,61) | ,40** | ,54** | ,886 |
| **Повисоко вреднување на мажите (VAL)** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. Кога сум во група составена од еднаков број мажи и жени, а жена доминира во разговорот, се чувствувам непријатно. | 1,73 (1,25) | ,52** | ,62** | ,881 |
| 12. Се чувствувам непријатно кога слушам жена да зборува со авторитет на теми кои се повеќе машки, како што се фудбал или трки со коњи. | 1,86 (1,52) | ,56** | ,67** | ,879 |
| 13. Повеќе сакам да слушам машки радиоводители отколку женски. | 1,86 (1,44) | ,57** | ,70** | ,879 |
| 14. Интелектуалното лидерство на една заедница треба главно да биде во рацете на мажите. | 1,62 (1,20) | ,48** | ,63** | ,882 |
| 15. Повеќе сакам да работам за шеф кој е маж. | 2,17 (1,69) | ,59** | ,75** | ,878 |
| 16. Би се чувствувала подобро кога работното место би го добила ако конкуренција ми е друга жена, отколку ако е тоа маж. | 2,58 (1,88) | ,41** | ,57** | ,887 |
| 17. Општо земено, повеќе сакам да работам со мажи. | 2,69 (1,81) | ,61** | ,67** | ,878 |

***Забелешка. r = коефицент на корелација меѓу ајтемот и IMS скорот***
$r_1$=коефицент на корелација меѓу ајтемот искорот на супскалата на која припаѓа
$^{*}p<,05$; $^{**}p<,01$

Конфирматорната факторска анализа ги третираше факторите како меѓусебно корелирани. Иако хи-квадрат тестот беше статистички значаен ($\chi^2$ = 2889,4, *df* = 136, *p*<, 01) такви резултати се очекувани поради неговата чувствителност на големина на примерокот, па затоа овој показател на совпаѓањето не беше земен предвид како релевантен показател на совпаѓањето. Вредноста на CFI е под препорачаната граница од ,90, додека RMSEA индикаторот се наоѓа на горната граница на прифатливо совпаѓање. Од друга страна, SRMR вредноста се наоѓа во прифатливи рамки (CFI = ,88; RMSEA = ,08; SRMR = ,06). Сумирано, овие индикатори укажуваат на тоа дека моделот покажува умерено, но не и оптимално совпаѓање со податоците, што сугерира дека би можело да се разгледа понатамошно усовршување на преводот или на прилагодувањето на ајтемите со цел да се подобри внатрешната структура.

Стандардните коефициенти што ја покажуваат врската меѓу ајтемите и нивните фактори се прикажани на слика 1. Ајтемите 10 и 16 најмалку придонесуваат во вкупната објаснета варијанса, па претставуваат потенцијален проблем на моделот. Сепак, повлекувањето на овие ајтеми од моделот не придонесувадоволно за подобрување на вклопувањето($\chi^2$= 2742,1, *df*=105, p<,001, CFI = ,87, RMSEA = ,09, SRMR =,06), така што вака добиената структура не може да биде предложена како супериорна. Висината на корелациите меѓу факторите, прикажана на слика 1,а која се движи од *r* = ,60 до ,75 (умерена до силна), упатува кон тоадека инструментот мери концепт кој еповеќедимензионален, а со една заедничка основа.Сите факторски оптоварувања се генерално прифатливи, при што повеќето го надминуваат прагот од минимум .50, иако за двата споменатиајтема (10 и 16) се релативно ниски, што укажува на можни ограничувања во мерењето.




**Слика 1.** Стандардизирани факторски оптоварувања и интеркорелации во конфирматорната факторска анализа на IMS скалата

Резултатите во врска со тестираните хипотези за поврзаноста помеѓу IMS, вклучувајќи ги нејзините супскали и вклучените варијабли за кои постојат податоци во литературата, прикажани се во табела 4.

**Табела 4.** Корелации на IMS и нејзините супскали со релевантни конструкти

| | IMS –вкупен скор | DEV | DIS | VAL |
|---|---|---|---|---|
| Модерен сексизам | **,22**** | ,15** | ,28** | ,14** |
| Себепотиснување | **,23**** | ,12** | ,09 | ,30** |
| Самодоверба | **-,02** | -,04 | ,05 | -,06 |
| Родова самодоверба – дефинирање себе си како жена | **,20**** | ,12** | ,12** | ,26** |
| Родова самодоверба – прифаќање себе си како жена | **-,15**** | -,16** | -,07 | -,14** |
| Самодефинирање како феминистка | **-,18**** | -,17** | -,23** | -,05 |
| Откривање пред други како феминистка | **-,16**** | -,17** | -,21** | -,03 |

$^{*}p<,05$; $^{**}p<,01$

Конвергентната и дискриминантната валидност беше потврдена со добиените корелации помеѓу интернализирана мизогинија, себепотиснување, мерките за психосексуална прилагоденост (дефинирање себе си како жена и прифаќање себе си како жена) и релевантни ставови (дефинирање себе си како феминистка и прифаќање на сексистички ставови), кои се во очекуваната насока. Од табела 4 се гледа дека интернализираната мизогинија е вокорелација со самоизвестените мерки за прифаќање на феминистички ставови ($r$(399)= -,18, $p$<,01 и $r$(399)= ,16, $p$<,01) и со ставот кон жените рефлектиран низ Скалата за модерен сексизам ($r$(399) = ,22, $p$<,01). Ова значи дека хипотезата 1 и хипотезата 5 се потврдени. Хипотезата 2,која претпоставува дека кога расте интернализираната мизогинија, расте себепотиснувањето, исто така е потврдена врз основа на добиената корелација($r$(399)= .22, $p$< .01). Потврдена е и хипотезата 3, која претпоставува декаинтернализираната мизогинија не е поврзана со самодовербата ($r$(399) = -,02, $p$>,05), но дека е во негативна корелација со родовиот аспект на самодовербата ($r$(399)= ,15, $p$<,01), како и хипотезата 4, која тврди дека себедефинирањето како жена, иинтернализираната мизогинија се во позитивна корелација ($r$(399) = ,20, $p$<,01)

## Дискусија

Скалата на Пигот за мерење интернализирана мизогинија преведена на македонски јазик, има прифатливи психометриски карактеристикиво смисла на внатрешна хомогеност и почетни докази за конструкт-валидност, но совпаѓањето на внатрешната структура со оригиналниот модел

е маргинално. Ова може да сугерира дека се потребни дополнителнирафинирањанаајтемите,односно нивнопонатамошно прилагодување за конкретниот културен контекст. Така, на пример, како што се гледа од заситувањата на слика 1, еден од ајтемите кои имаат најпроблематични психометриски перформанси гласи: *„Би се чувствувала подобро кога работното место би го добила ако конкуренција ми е друга жена, отколку ако е тоа маж“.* Овој индикатор на интернализирана мизогинија функционира добро во западните култури затоа што кореспондира со индивидуалистичкиотнатпреварувачки дух и има латентно значење кое би се „превело“ како: „ако веќе губам, подобро да изгубам од некој кој е подобар од мене“.Во колективистички општества,неформалните социјални мрежи (врски, познанства) често играат поголема улога отколку компетенциите, па тврдењето би можело да е помалку релевантно, бидејќи реалната конкуренција не се доживува на тој начин, особено не како родово базирана.

Поради отсуство на повеќе други студии за психометриските карактеристики на скалатакога таа е преведена на други јазици, тешко е да се процени дали е доволно промените да се прават само со минимални јазични корекции, или, би било неопходно да се преиспита релевантноста на индикаторите на интернализирана мизогинија дваесетина години по конструкцијата на скалата. Но, ако се направи споредба со CFA индексите добиени на популација во Турција (Sözbir et al, 2020), може да се констатира дека тие се многу слични, што сугерира поголема веројатност на претпоставката дека преовладуваат културни разлики, а не се работи за „застареност“ на индикаторите на конструктот.

Најнакрај, послабото совпаѓање со оригиналниот модел да се должи на начинот на кој се врши проценка на еквивалентноста на моделите. Како што посочуваат и други автори (на пр. Ramos-Villagrasa et al, 2019), при конфирматорна факторска анализа се претпоставува дека секој ајтем се поврзува исклучиво со однапред определениот фактор. Кога оваа претпоставка не се исполнува целосно, тоа може неоправдано да доведе до значително намалување на степенот на совпаѓање.

Понатаму, во прилог на соодветноста на инструментот се потврдените претпоставки за врските на интерналиизраната мизогинија со други сродни конструкти, а дополнително, деталниот увид на тоа какви се врските на супскалите на IMS со другите вклучени конструкти. Овие корелации (табела 4), покажуваат логични исходи. Така, на пример, себепотиснувањето не е во корелација со недоверба во други жени, а е поврзано со аспектите кои се однесуваат на евалуација на жените. Како што се аргументира во претходни истражувања, врската меѓу себепотиснувањето и интернализирана мизогинија се реализира преку губење делови на селфот токму заради обезвреднување на начините на егзистенција припишани на женственоста (Bearman & Amrhein, 2013; Bozkur, 2020), а не заради односот кон другите жени. Кај родовата самодоверба, врските со различните аспекти се во очекуваните правци, и за дефинирањето себе си како жена и за

прифаќањето себе си како жена. Кога дефинирањето себе си како жена е проследено со интернализирани патријархални вредности, расте и интернализираната мизогинија, особено повисокото вреднување мажи, бидејќи родовиот идентитет се прифаќа во рамки на хиерархиски, а не во рамки на егалитарни норми.Тоа значи дека жената може цврсто да се идентификува како жена, а сепак да ги прифаќа општествените хиерархии во кои жените се помалку вредни, да не им верува на жените и од нив да ги цени повисоко мажите. Од друга страна, родовата самодовербакоја укажува на позитивна оценка и вреднување на сопствениот родов идентитет, односно чувство на гордост за припадноста во својата родова група, логично, поврзано е негативно со обезвреднувањето на жените и со вреднувањето мажи повеќе од жени само врз основа на родот. Овој аспект на самодоверба, изгледа дека се гради низ трансформација на интернализираните верувања дека жените се помалку вредни од мажите или дека мажите вредат повеќе од жените. Од друга страна, иако родовата самодоверба штити од интернализирање на родови хиерархии што ги воздигнуваат мажите и ги потценуваат жените, таа нема улога во формирање на интерперсоналните ставови кои рефлектираат доверба во жените, бидејќи тие се обликуваат од различни социјални и релациски фактори, или, дури и од лични искуства.

Конечно, самоидентификацијата како феминистка се покажа како негативно поврзана само со аспектите на интернализираната мизогинија кои се однесуваат на отфрлање на инфериорноста на жените, но не и со верувањата за супериорноста на мажите во однос на жените. Феминистичката самоидентификација обично претставува свесна посветеност на родова еднаквост, вклучува сензитивност за системската репресија над жените и заземање критички став кон патријархалните норми. Ове позиции не подразбираатприпишување инхерентна пониска вредност на мажите, па оттука, прифаќањето на овие ставови не е поврзано со повисоко евалуирање на мажите во однос на жените.

Резимирано, може да се заклучи дека наодите од оваа студија нудатпочетни докази дека IMS може да се користи во превод на македонски јазик како доволно релијабилен и валиден инструмент. Неговата факторска структура умерено соодветствува на таа добиена во анализата на скалата на оригиналниот јазик, но е мошне е слична со проверената на друга популација пред пет години. Понатамошни истражувања ориентирани кон испитување на крос-културната стабилност на скалата и тестирање на нејзината стабилност низ различни културни контексти, би придонеле за утврдување на IMS како солиден инструмент за крос-културни компарации.

**Ограничувања**

Едно од ограничувањата на ова истражување се однесува на составот на примерокот, кој не ги поседува истите карактеристики како примерокот во оригиналната студија. Ова ја намалува можноста за директна

споредба помеѓу наодите од двете студии. Дополнително, поради електронското задавање на прашалниците, контролата врз условите под кои учесниците го пополнуваа инструментот ередуцирана, што потенцијално може да влијае на квалитетот на собраните податоци. Исто така, сите мерки во ова истражување беа базирани исклучиво на самоизвестување, што ако се земе предвид очигледноста на тоа што се истражува, го зголемува ризикот од добивање социјалнопожелни одговори. Исто така, во рамки на ова истражување не беа утврдени тест-ретест релијабилноста на инструментот, како и предиктивната валидност, што останува да биде задача на идни истражувања.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Bartky, S. L. (1990). *Femininity and domination: Studies in the phenomenology of oppression*. Routledge.
- Bearman, S., & Amrhein, M. (2013). Girls, women, and internalized sexism. In E. J. R. David (Ed.), *Internalized oppression: The psychology of marginalized groups* (pp. 191–225). Springer Publishing Company.
- Bearman, S., Korobov, N., & Thorne, A. (2009). The fabric of internalized sexism. *Journal of Integrated Social Sciences, 1*, 10–47.
- Bozkur, B. (2020). Developing Internalized Sexism Scale for women: A validity and reliability study. *International Journal of Eurasian Education and Culture, 5*(11), 1981–2028. https://doi.org/10.35826/ijoecc.289
- Bozkur, B. (2023). Turkish adaptation of the Silencing the Self Scale: Validity and reliability study. *Anales de Psicología, 39*(1), 45–58. https://revistas.um.es/analesps/article/download/481501/334381/2011391
- Bozkur, B., & Cig, O. (2022). Examining the relationship between maternal employment guilt and internalized sexism in mothers with preschool children. *Cukurova University Faculty of Education Journal, 51*(3), 1721–1738. https://doi.org/10.14812/cufej.1125337
- Brogaard, B. (2020). Baby, it's in your nature: Misogyny, femininity, and female filth. In *Hatred* (pp. 82–95). Oxford University Press.
- Chen, X., & Zheng, L. (2023). Relationships of modern sexism and misogyny to feminist attitudes and engagement in China. *Women's Studies International Forum*, 102847. https://doi.org/10.1016/j.wsif.2023.102847
- Chesler, P. (2001). *Woman's inhumanity to woman*. Thunder's Mouth Press/Nation Books.
- Constantinescu, S. A. (2021). How does the internalization of misogyny operate: A theoretical approach with European examples. *Research in Social Change, 13*(1), 120–128.
- Cramer, K., & Thoms, N. (2003). Factor structure of the Silencing the Self Scale in women and men. *Personality and Individual Differences, 35*, 525–535. https://doi.org/10.1016/S0191-8869(02)00216-7
- David, E. J. R., & Derthick, A. O. (2014). What is internalized oppression, and so what? In E. J. R. David (Ed.), *Internalized oppression: The psychology of marginalized groups* (pp. 1–30). Springer Publishing Company.
- Dehlin, A. J., & Galliher, R. V. (2019). Young women's sexist beliefs and internalized misogyny: Links with psychosocial and relational functioning

and sociopolitical behavior. *Psi Chi Journal of Psychological Research, 24*(4), 255–264. https://doi.org/10.24839/2325-7342.JN24.4.255

- Dunn, H. (2003). Horizontal violence among nurses in the operating room. *AORN Journal, 78*(6), 977–988.
- Erenoğlu, R., Sözbir, Ş. Y., & Erenel, A. Ş. (2023). Is there a relationship between internalized misogyny and premenstrual syndrome and dysmenorrhea in young women? *Journal of Obstetrics and Gynecology Research, 49*(8), 2157–2163. https://doi.org/10.1111/jog.15719
- Evteeva, M., Burges, L., & Gelabert, T. S. (2024). Internalized misogyny: The patriarchy inside our heads. *Journal of Integrated Social Sciences, 14*(1), 82–108.
- Findlay, B., & Piggott, M. (2005). Double jeopardy: Lesbians and the legacy of multiplestigmatized identities. *Australian Journal of Psychology, 57*, 85.
- Ford, T., Woodzicka, J., Triplett, S. R., & Kochersberger, A. O. (2013). Sexist humor and beliefs that justify societal sexism. *Current Research in Social Psychology, 21*, 64–81.
- Gargam, A., & Lançon, B. (2020). *Histoire de la misogynie* [*History of misogyny*]. Les Éditions Arkhé.
- Goodwin, M. H. (2002). Building power asymmetries in girls' interaction. *Discourse & Society, 13*, 715–730.
- Gutierrez, B. C., & Leaper, C. (2024). Ambivalent sexism to violence-against-women attitudes and behaviors: A three-level meta-analytic review. *Sexuality & Culture, 28*, 851–882. https://doi.org/10.1007/s12119-023-10127-6
- Han, E., Hoffman, L., & Wood, S. M. (2023). Using the internalized misogyny scale across sexual orientations: Measurement invariance and item factor analysis. *Sex Roles, 88*, 290–304. https://doi.org/10.1007/s11199-023-01357-x
- Heatherton, T. F., & Polivy, J. (1991). Development and validation of a scale for measuring state self-esteem. *Journal of Personality and Social Psychology, 60*(6), 895–910. https://doi.org/10.1037/0022-3514.60.6.895
- Hoffman, R. M., Borders, L. D., & Hattie, J. A. (2000). Reconceptualizing femininity and masculinity: From gender roles to gender self-confidence. Journal of Social Behavior and Personality, 15(4), 475–503.
- Hogg, M. A. (2003). Social identity. In M. R. Leary & J. P. Tangney (Eds.), *Handbook of self and identity* (pp. 462–479). Guilford Press.
- Jack, D. C., & Dill, D. (1992). The Silencing the Self Scale: Schemas of intimacy associated with depression in women. *Psychology of Women Quarterly, 16*(1), 97–106. https://doi.org/10.1111/j.1471-6402.1992.tb00242.x

- Jha, I., & Srivastava, A. S. (2024). To explore the relationship between internalized misogyny and career choices among Indian women. *International Journal of Indian Psychology, 12*(2), 2809–2822. https://doi.org/10.25215/1202.245
- Johnson, S. (2014). *Perfectionism, the thin ideal, and disordered eating: Does internalized misogyny play a role?* [Master's thesis]. http://hdl.handle.net/11244/8107
- Kurtiş, T. (2010). *Self-silencing and well-being among Turkish women* (Doctoral dissertation). University of Kansas. https://hdl.handle.net/1808/6443
- Lachance-Grzela, M., Liu, B., Charbonneau, A., & Bouchard, G. (2021). Ambivalent sexism and relationship adjustment among young adult couples: An actor-partner interdependence model. *Journal of Social and Personal Relationships, 38*(7), 2121–2140. https://doi.org/10.1177/02654075211005549
- Leikas, S., Ilmarinen, V. J., Verkasalo, M., Vartiainen, H. L., & Lönnqvist, J. E. (2018). Relationship satisfaction and similarity of personality traits, personal values, and attitudes. *Personality and Individual Differences, 123*, 191–198.
- Manne, K. (2017). *Down girl: The logic of misogyny*. Oxford University Press.
- Means, K. (2021). *Not like other girls: Implicit and explicit dimensions of internalized sexism and behavioral outcomes* (Master's thesis). WWU Graduate School Collection. https://cedar.wwu.edu/wwuet/1020
- Montañés, P., de Lemus, S., Bohner, G., et al. (2012). Intergenerational transmission of benevolent sexism from mothers to daughters and its relation to daughters' academic performance and goals. *Sex Roles, 66*, 468–478. https://doi.org/10.1007/s11199-011-0116-0
- Montañés, P., de Lemus, S., Moya, M., Bohner, G., & Megías, J. L. (2013). How attractive are sexist intimates to adolescents? The influence of sexist beliefs and relationship experience. *Psychology of Women Quarterly, 37*(4), 494–506.
- Moradi, B., Dirks, D., & Matteson, A. V. (2005). Roles of sexual objectification experiences and internalization of standards of beauty in eating disorder symptomatology: A test and extension of objectification theory. *Journal of Counseling Psychology, 52*(3), 420–428. https://doi.org/10.1037/0022-0167.52.3.420
- Noor, N., Faisal, F., & Farooq, M. (2023). Horizontal hostility: A subset of glass ceiling. *Journal of Development and Social Sciences, 4*(3), 649–663. https://doi.org/10.47205/jdss.2023(4-III)61
- Overstreet, N. M., & Quinn, D. M. (2013). The intimate partner violence stigmatization model and barriers to help-seeking. *Basic and Applied Social Psychology, 35*(1), 109–122. https://doi.org/10.1080/01973533.2012.746599

- Piggott, M. (2004). *Double jeopardy: Lesbians and the legacy of multiple stigmatized identities* (Unpublished honors thesis). Swinburne University of Technology.
- Rahmani, S. (2020). *Women's experiences of internalized sexism* (Doctoral dissertation). https://digitalcommons.nl.edu/diss/451
- Ramiro-Sánchez, T., Ramiro, M. T., Bermúdez, M. P., & Buela-Casal, G. (2018). Sexism in adolescent relationships: A systematic review. *Psychosocial Intervention, 27*, 123–132. https://doi.org/10.5093/pi2018a19
- Røysamb, E., Vittersø, J., & Tambs, K. (2014). The Relationship Satisfaction Scale – Psychometric properties. *Norsk Epidemiologi, 24*, 187–194. https://doi.org/10.5324/nje.v24i1-2.18
- Sánchez, V., Muñoz-Fernández, N., & Vega-Gea, E. (2017). Peer sexual cybervictimization in adolescents: Development and validation of a scale. *International Journal of Clinical and Health Psychology, 17*, 171–179. https://doi.org/10.1016/j.ijchp.2017.04.001
- Swim, J. K., Aikin, K. J., Hall, W. S., & Hunter, B. A. (1995). Sexism and racism: Old-fashioned and modern prejudices. *Journal of Personality and Social Psychology, 68*(2), 199–214. https://doi.org/10.1037/0022-3514.68.2.199
- Swim, J. K., Hyers, L. L., Cohen, L. E., & Ferguson, M. J. (2001). Everyday sexism: Evidence for its incidence, nature, and psychological impact from three daily diary studies. *Journal of Social Issues, 57*(1), 31–53. https://doi.org/10.1111/0022-4537.00200
- Szymanski, D. M., & Kashubeck-West, S. (2008). Mediators of the relationship between internalized oppressions and lesbian and bisexual women's psychological distress. *Counseling Psychologist, 36*, 575–594.
- Szymanski, D. M., Gupta, A., Carr, E. R., & Stewart, D. (2009). Internalized misogyny as a moderator of the link between sexist events and women's psychological distress. *Sex Roles, 61*(1), 101–109. https://doi.org/10.1007/s11199-009-9611-y
- Turner, J., Oakes, P., Haslam, S., & McGarty, C. (1994). Self and collective: Cognition and social context. *Personality and Social Psychology Bulletin, 20*, 454–463. https://doi.org/10.1177/0146167294205002
- Underwood, M. (2003). *Social aggression among girls*. Guilford Press.
- Webster, G. D., Howell, J. L., & Shepperd, J. A. (2020). Self-esteem in 60 seconds: The six-item state self-esteem scale (SSES-6). *Assessment, 29*(2), 152–168. https://doi.org/10.1177/1073191120958059
- Yoder, J. D., & McDonald, T. W. (1997). The generalizability and construct validity of the Modern Sexism Scale: Some cautionary notes. *Sex Roles, 36*(9), 655–663. https://doi.org/10.1023/A:1025674209